ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

# Е-МАПАС БР. 48

# ПОИМНИК НА ЗБОРОВИ ОД КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

МАПАС
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ




Не е прашање на која возраст сакам да се пензионирам, туку со колкав приход

- George Foreman

За да уживаш во долги и комотни пензионерски денови заштеди повеќе денес

- Суз Орман

# А

**Агент на пензиско друштво** - е лице кое врши работи на маркетинг на пензиски фондови

**Актуар** - е стручно лице едуцирано од областа на математика, статистика, веројатност и финансии кое поседува аналитички и деловни вештини и кои ги применува во анализа на финансиска неизвесност и ризици за комплексни финансиски и социјални системи.

**Актуар - овластен** - е физичко лице кое има дозвола за работа како овластен актуар од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија.

**Актуарски проекции** - се предвидување на финансиските импликации врз работењето, а врз основа на анализа на минати настани, оценка на тековен ризик и моделирање што може да се случи во иднина.

**Акција** - претставува хартија од вредност со која се стекнува сопственичко право врз идеален дел од компанијата, пропорционално на големината на учеството на таа акција во вкупниот акционерски капитал.

**Ануитет** - е вид на исплата на пензија или пензиски надоместок кој се исплатува месечно од друштво за осигурување на корисникот на пензија или од него определен корисник. Ануитетот може да биде: доживотен, варијабилен, заеднички, непосреден, одложен, ануитет со гарантиран и без гарантиран период, привремен, поединечен, фискен ануитет.

**Доживотен ануитет** - е вид на ануитет со кој друштвото за осигурување му гарантира на корисникот на пензија доживотна, месечна исплата на пензија или пензиски надоместок, без разлика на неговата реална долговечност.

**Привремен ануитет** - е вид на ануитет со кој друштвото за осигурување му гарантира на корисникот на пензија исплата на пензија или пензиски надоместок за однапред дефиниран број на периоди.

**Поединечен ануитет** - е вид на ануитет кој друштвото за осигурување го исплатува само на еден корисник на пензија.

**Заеднички ануитет** - е вид на ануитет кој друштвото за осигурување го исплатува на корисникот на пензија, а по неговата смрт на од него определен корисник.

**Непосреден ануитет** - е вид на ануитет кој друштвото за осигурување започнува да го исплатува не подоцна од месецот кој следи по месецот во кој премијата е пренесена од страна на пензиското друштво во друштвото за осигурување.

**Одложен ануитет** - е вид на ануитет кој друштвото за осигурување започнува да го исплатува во месецот кој следи по месецот во кој завршува периодот на одложување. Периодот на одложување се мери во месеци и започнува во месецот во кој премијата е пренесена од страна на пензиското друштво во друштвото за осигурување.

**Ануитет со гарантиран период** - е вид на ануитет кој има однапред дефиниран период на месеци во кои задолжително ќе се исплатува без разлика дали корисникот на пензија е жив. Ако корисникот на пензија почине, друштвото за осигурување го исплатува ануитетот на определениот корисник до крајот на гарантираниот период. Висината на ануитетот кој го прима определениот корисник е еднаква на висината на ануитетот кој го примал корисникот на пензија. Друштвото за осигурување започнува да го исплатува ануитетот не подоцна од месецот кој следи по месецот во кој премијата е пренесена од страна на пензиското друштво во друштвото за осигурување.

Кликнете на следниов ***линк*** за да го видите Поимникот целосно

# НОВОСТИ

## НАМАЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ОД УПЛАТЕНИ ПРИДОНЕСИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Почнувајќи од 1.1.2024 година, висината на надоместокот од уплатени придонеси кој го наплатуваат пензиските друштва КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Сава пензиско друштво а.д. Скопје и ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје се намалува и изнесува 1,80% од секој уплатен придонес во задолжителен пензиски фонд, наместо досега важечкиот 1,90%.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***

## ПЕТТА РАБОТНА СРЕДБА НА РЕГУЛАТОРИТЕ, ПРИВАТНИОТ И ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА И ФИНАНСИСКА ИНКЛУЗИЈА

На 13 декември беше одржана петтата работна средба на Работната група за следење на спроведувањето на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија, чија активност ја координира Народната банка, а на која присуствуваа и претставници на Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како и субјектите од приватниот и граѓанскиот сектор.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***

## ПРОМЕНА НА БАНКА ЧУВАР НА ИМОТ

На 7.11.2023 година успешно е извршена миграцијата на имотот на ВФП отворен доброволен пензиски фонд – Скопје, од Шпаркасе банка АД Скопје во новата банка чувар на имот Комерцијална банка АД Скопје.

Почнувајќи од 8.11.2023 година Комерцијална банка АД Скопје ја презема улогата на банка чувар на имот на ВФП отворен доброволен пензиски фонд – Скопје.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***

## ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА КОМИТЕТОТ ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ: ФИНАНСИСКИОТ СЕКТОР Е ОТПОРЕН НА ШОКОВИ

Домашниот финансиски сектор добро се справи со глобалните предизвици и уште еднаш покажа дека е отпорен на шокови и има капацитет за справување со кризи, се заклучува во Извештајот за финансиска стабилност за 2022 година. На седницата на Комитетот за финансиска стабилност, одржана на 27 ноември, беше презентиран Извештајот за финансиската стабилност во Република Северна Македонија во 2022 година, а исто така беа разгледани и потребните активности кои треба да се преземат за спроведување на Законот за решавање банки.



За повеќе информации посетете го следниот ***линк***

## ПЕНЗИСКИОТ ПАЗАР ВО ФОКУС 2023 ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ (ОЕЦД) ГО ОБЈАВИ НАЈНОВИОТ БРОЈ НА ИЗДАНИЕТО ПЕНЗИСКИОТ ПАЗАР ВО ФОКУС 2023.

Изданието на Пензискиот пазар во фокус 2023 обезбедува детални и споредливи статистички податоци за пензиските системи базирани на средства ширум светот. Во Изданието се разгледува влијанието на зголемената инфлација, повисоките каматни стапки и другите макроекономски и финансиски движења на пензиските системи базирани на средства во 2022 година, а особено на инвестициските резултати, инвестициското портфолио, средствата на пензиски заштеди, учеството во пензиските фондови и уплатените придонеси. Податоците што се користени за подготовка на овој извештај се обезбедени од регулаторите од земјите во рамките на проектот на ОЕЦД за Глобална статистика за пензии.

Изданието на Пензискиот пазар во Фокус 2023 е на следната врска: ***Пензискиот пазар во фокус 2023***

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***

## СООПШТЕНИЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ОД ЧЛЕНОВИТЕ ЗА ДИСТРИБУИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ НА ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА

МАПАС воведува дополнителен дигитален начин на информирање за едноставен и брз пристап до членовите на пензиските фондови. МАПАС по добивање на согласност од членовите, на електронската пошта на членовите ќе доставува информации поврзани со правата и новостите во капитално финансираното пензиско осигурување.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***

## ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ-КАРТА ЗА СИГУРНО УТРЕ

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско оусигурување – МАПАС во соработка со Економскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” и останатите факултети, во континуитет им овозможува пракса на студентите кои пројавуваат интерес за директно запознавање со работата на Агенцијата и пензиските друштва.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***



ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?
Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
www.mapas.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009

TÜV NORD TÜV NORD CERT GmbH ISO/IEC 27001